# ВНАТРЕШНО УПАТСТВО: ИНФОРМАЦИИ ЗА КОРИСНИКОТ

**Viru-Merz Serol®, 10 mg/g, гел**
Тромантадин хидрохлорид

**Внимателно прочитајте го упатството пред да почнете со употреба на лекот.**

- Сочувајте го упатството. Можеби ќе треба повторно да го прочитате.
- Ако имате други прашања, обратете му се на Вашиот доктор или фармацевт.
- Не го давајте овој лек на други. Може да им наштети, дури и ако имаат исти симптоми како Вас.
- Ако некое од несаканите дејства добие сериозни размери или ако забележите несакани дејства што не се наведени во упатството, обратете му се на Вашиот доктор или фармацевт.

**Упатството содржи:**

1. Што е Viru-Merz Serol® и за што се употребува
2. Што треба да знаете пред да го употребите Viru-Merz Serol®
3. Начин на употреба на Viru-Merz Serol®
4. Можни несакани дејства
5. Чување на Viru-Merz Serol®
6. Дополнителни информации

## 1. ШТО Е VIRU-MERZ SEROL® И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

Viru-Merz Serol® е ефективен при инфекции предизвикани од вирусот херпес симплекс, но само пред фазата на формација на пликови.
Viru-Merz Serol® се користи за ублажување на почетните симптоми на повратниот херпес симплекс, посебно болката и јадежот, но само пред фазата на формација на пликови.

## 2. ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА ГО УПОТРЕБИТЕ VIRU-MERZ SEROL®

**Не го употребувајте Viru-Merz Serol®**
- ако сте хиперсензитивни (алергични) на тромантадин хидрохлорид, метил-4-хидроксибензоат, сорбинова киселина или која било друга состојка на Viru-Merz Serol®
- ако се појавиле хиперсензитивни реакции по претходен третман со тромантадин хидрохлорид
- при херпес симплекс ако се појавиле пликови, посебно ако веќе се отворени.

**Бидете особено внимателни со Viru-Merz Serol®** ако во текот на третманот се влошат постоечките симптоми или ако се појават нови ранички. Во овој случај употребата на тромантадин хидрохлорид треба да се прекине.

Тешко е да се разликува контактна алергија што се појавува на местото што се лекува (видете го дел 4. „Можни несакани дејства“) и самата инфекција од херпес. Ова може да ги натера пациентите да го зголемат локалниот третман на навидум влошената инфекција на херпес симплекс. Во изолирани случаи, забележани се суперинфекција и формација на апсцес. Во ваквите случаи, треба итно да се прекине употребата на Viru-Merz Serol®.

**Употреба на други лекови:**
До сега нема познати интеракции со други лекови.

Советувајте се со Вашиот доктор или фармацевт ако употребувате или до скоро сте употребувале други лекови, вклучувајќи и лекови добиени без рецепт.

Бременост и доење:

**Бременост**
До сега нема искуства на употреба Viru-Merz Serol® во тек на бременост. При испитувања на животни, активната супстанца во Viru-Merz Serol® не покажа штетни влијанија врз нероденото дете. Меѓутоа, Ви препорачуваме да го употребувате Viru-Merz Serol® само по консултација со Вашиот доктор и само ако докторот смета дека неговата употреба е неопходна. Ако Viru-Merz Serol® се употребува во текот на бременост, гелот не треба да се нанесува на поголема површина.

**Доење**
Не е познато дали активната супстанца во Viru-Merz Serol® преминува во мајчиното млеко. Од безбедносни причини, не би требало да го употребувате Viru-Merz Serol® при лактација. Ако се употребува производот, тогаш доенчето треба да се одвикне.

Побарајте совет од Вашиот доктор или фармацевт пред да земете каков и да е лек.

**Возење и користење на машини:**
Viru-Merz Serol® нема влијание врз способноста за возење и користење на машини. Не се потребни посебни мерки на претпазливост.

**Важни информации за некои од состојките на Viru-Merz Serol®:**

Метил-4-хидроксибензоат може да предизвика хиперсензитивни реакции (со можно задоцнување).
Сорбинова киселина може да предизвика локализирани реакции на кожата (на пр. Контактен дерматит).

## 3. НАЧИН НА УПОТРЕБА НА VIRU-MERZ SEROL®

Секогаш употребувајте го Viru-Merz Serol® според упатствата на Вашиот доктор.
Ако не сте сигурни, прашајте го Вашиот доктор или фармацевт.

Дозирање:
Освен ако докторот не Ви препише поинаква доза, вообичаена е следната доза: Viru-Merz Serol® се употребува 3 до 5 пати дневно, па и почесто ако е тоа неопходно. Нанесете доволно гел врз кожата за да се покрие целата раничка од херпес. Гелот треба нежно да се втрие. Третманот треба да почне што е можно поскоро по појавата или повторувањето на типичните знаци на инфекција со херпес симплекс. Тие се состојат од печење, јадеж, штипење, чувство на тензија или болка, боцкање или отекување на површината на кожата.

**Начин на употреба:**
За надворешна употреба.

Viru-Merz Serol® е гел што треба нежно да се втрие на кожата.

**Должина на третманот:**
Употребата на Viru-Merz Serol® може да продолжи се до појавата на пликови (околу 2-3 дена). Употребата мора веднаш да се прекине ако, во текот на третманот, постоечките симптоми се влошат или се појават новиranички (видете го дел 2. „Што треба да знаете пред да го употребите Viru-Merz Serol®").

Ако мислите дека Viru-Merz Serol® има прејако или преслабо влијание, обратете му се на Вашиот доктор или фармацевт.

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА

Како и сите лекови, Viru-Merz Serol® може да предизвика несакани дејства, иако не кај секого.

Следната табела е поставена на почетокот на овој дел како појаснување:

| | |
|---|---|
| Многу често: | Повеќе од 1 во 10 корисници |
| **Често:** | Помалку од 1 во 10, но повеќе од 1 во 100 корисници |
| **Невообичаено:** | Помалку од 1 во 100, но повеќе од 1 во 1000 корисници |
| **Ретко:** | Помалку од 1 во 1000, но повеќе од 1 во 10.000 корисници |
| **Многу ретко:** | Помалку од 1 во 10.000 корисници или непознато |

*Можни несакани дејства:*
Невообичаено: Контактен дерматит (запаление на кожата заради алергиска реакција)

Во текот на третманот со Viru-Merz Serol®, кожните реакции заради хиперсензитивност (контактен дерматит) се честа појава, дури и ако производот претходно бил добро толериран. Таквите реакции се окарактеризирани со навидно влошување на симптомите на инфекцијата со херпес, како засилен јадеж, засилено чувство на болка и тензија, засилено вцрвенување на кожата и формација на нодули.
Тешко се прави разлика помеѓу контактен дерматит што се појавува на местото што се лекува и основната инфекција со херпес. Ова може да ги залаже пациентите да почнат со засилен локален третман на навидум влошениот херпес симплекс. Во изолирани случаи се забележани суперинфекција и формација на апсцеси.
Врз основа на бројните истражувања, зачестеноста на докажаниот контактен дерматит од тромантадин е далеку под 1%.
Ако постои сомневање за алергија, треба да се спроведе епидермален тест со тромантадин хидрохлорид од специјалист за алергии, најрано 4 недели по престанок на употребата на лекот.
Ако некое од несаканите дејства добие сериозни размери или ако забележите несакани дејства што не се наведени во упатството, обратете се кај Вашиот доктор или фармацевт.

## 5. ЧУВАЊЕ НА VIRU-MERZ SEROL®

Да се чува подалеку од дофат на деца!

Не го употребувајте овој лек по рокот на траење означен на картонското пакување и на тубата.

Овој медицински производ не бара посебни услови за чување.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

**Животен век по првото отворање:**
Овој лек треба да се употреби во рок од 6 месеци по првото отворање.

## 6. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

**Што содржи Viru-Merz Serol®**
Активната супстанца е тромантадин хидрохлорид.
1 g од гелот содржи 10 mg тромантадин хидрохлорид.
Другите состојки се метил 4-хидроксибензоат, сорбинова киселина, лактоза монохидрат, течен сорбитол 70% (не-кристализирачки), хидроксиетилцелулоза и дестилирана вода.

**Како изгледа Viru-Merz Serol® и што содржи пакувањето**
Viru-Merz Serol® е проsирен гел со природна боја.

Viru-Merz Serol® е достапен во пакување од 2 g.

**Производител:**
Merz Pharma GmbH & Co. KGaA,
Eckenheimer Landstraße 100,
60318 Frankfurt,
Germany

**Број и датум на одобрението за ставање во промет:**

**Носител на одобрението за ставање во промет, застапник и дистрибутер за Р. Македонија, :**
Европа Лек Фарма ДООЕЛ
Ул.Јадрнаска Магистрала бр.31
1000 Скопје
Македонија

**Упатството последен пат е одобрено:**